Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 318/0306
29.08 2018 год.
Скопје

29.08.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27 август 2018 година, врз основа на примена жалба од здруженијата „Х.Е.Р.А.“ и „МАРГИНИ“, поднесена против интернет порталот „Плусинфо“, го донесе следново:

# МИСЛЕЊЕ

**Медиумите да внимаваат на начините на кои ги пренесуваат информациите од други медиуми и да се дистанцираат од сензационализам**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 јули 2018 година, Здружението „Х.Е.Р.А – Асоцијација за здравствена едукација и истражување“ - Скопје и „Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“ – Скопје, поднесоа жалба за текстот со наслов „Уапсена проститутката Фатима што ширеше сида низ Србија“, објавен на 28 јуни 2018 година, на интернет порталот „Плусинфо“ (www.plusinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот е дискриминаторски и се темели врз основа на шпекулации, непроверени и нерелевантни информации. Од „Х.Е.Р.А“ и „МАРГИНИ“ забележуваат дека медиумот создава слика и клевети дека се работи за ХИВ позитивна бегалка и сексуална работничка, која шири ХИВ.

*„Дека се работи за непроверени шпекулации, со кои сензационалистички се создава паника во јавноста, а притоа се прекршуваат човековите права говори и фактот што и во самиот напис има контрадикторни информации, односно во насловот се тврди дека бегалката „ширела сида низ Србија“, а во написот се вели дека мигрантката „наводно ширела ХИВ“,* се посочува во жалбата.

Од двете здруженија додаваат дека она што дополнително загрижува е тоа што медиумот се осудил да открива лични податоци и да шпекулира за ХИВ-статус на жена-бегалка, што најдиректно повикувало на шовинистичко и ксенофобично насилство и дискриминација врз овие маргинализирани групи.

Во жалбата на „Х.Е.Р.А.“ и „МАРГИНИ“ се наведува дека тие упатиле и барање за објавување одговор на објавената информација („Шпекулации, сензационализам и фатализам во изветувањето за ХИВ“), но дека порталот „Плусинфо“, нивниот одговор го објавил со свој редакциски коментар и со наслов, кој дискриминира и стигматизира. Од двете здруженија сметаат дека на тој начин, медиумот ги прекршил новинарските стандарди и Законот за медиуми, според кој, заедно со одговорот не може да се објавува и коментар.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Плусинфо“и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Раководителот во „Плусинфо“, Бранко Героски, одговори на наводите на жалителот.

Героски смета дека жалбата е неоснована, зашто во текстот, „Плусинфо“ се повикува на информации во повеќе српски медиуми, кои се повикуваат на Министерството за внатрешни работи на Србија. Според Героски, немало дилеми дека уапсената проститутка била осомничена за ширење на ХИВ, дека во новинарскиот производ се работи за очигледен јавен интерес и оти една ваква вест би добила ударно место било каде во светот. Од „Плусинфо“ ги отфрлаат забелешките на жалителите дека медиумот, ширејќи паника во врска со ХИВ вирусот, ги прекршил човековите права и ги стигматизирал бегалците и сексуалните работници.

*„Македонија е соседна земја на Србија и тоа е причината поради која и кај нас владее несомнен интерес за оваа вест, која информира за можно поведение на лице, ризично по здравјето на повеќе лица“*, појаснува Героски во одговорот на жалбата.

Во однос на барањето за објавување одговор од страна на жалителите, од „Плусинфо“ посочуваат дека целосно го објавиле одговорот, а во исто време, одлучиле да ги наведат и своите аргументи, по принципот „со книга на книга“.

Од интернет порталот сметаат дека со текстот-соопштение на „Х.Е.Р.А“ и „МАРГИНИ“, двете здруженија не се обратиле директно до „Плусинфо“, туку во соопштението, навеле група од 10 различни медиуми, генерализирајќи оценки за начинот на известување и барајќи од сите медиуми да извршат исправка и да и` се извинат на јавноста.

Оттука, според Героски, не можело конкретно да се заклучи, на кои делови од информацијата на „Плусинфо“ имаат забелешки подносителите на жалбата.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби се согласи дека поднесената жалба во најголем дел е оправдана, но не најде доволно елементи за да донесе морална осуда, од причина што се работи за пренесување на содржина објавена во странски медиум (во случајов, на српски медиуми). Сепак, поради сериозноста и чувствителноста на темата, Комисијата одлучи да го донесе следново **МИСЛЕЊЕ:**

Медиумите да внимаваат на начините на кои ги пренесуваат информациите објавени во други медиуми, било домашни или од странство, и да се дистанцираат од сензационализам во информирањето. Тие не смеат да се служат со стигматизирачки пристап во известувањето, ниту, пак, со начинот на известување да упатуваат на можно стереотипизирање, предрасуди или дискриминација кон кого било, вклучувајќи ги овде и ранливите групи во општеството, како што се и бегалците и мигрантите.

Објавувањето парцијални, недоволно или нецелосно проверени информации за ранливите групи, во комбинација со недоволното претставување на поширокиот контекст, лесно би

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

можело да поттикне сомнежи и стереотипи кон нив, воедно, претставувајќи ги и како закана за општеството, што неретко води кон нивна изолација и маргинализирање. Оттука, од особено значење е медиумите да покажат високо ниво на сензитивност во известувањето за овие групи, во обезбедувањето видливост за проблемите со кои се соочуваат и во акцентирањето на потребата од заштита на човековите права. Новинарското известување има голема улога во покренувањето позитивен наратив кон овие групи и поединци и во преиспитувањето на стереотипните рамки во известувањето, со тоа придонесувајќи во промената на јавното мислење и перцепции.

* * *

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Теофил Блажевски.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595